***Препорака до овоштарите – производители на кајсија, праска и нектарина***

Во текот на првата половина на февруари имавме надпросечно топло време со денови во кои температурата беше над 10 ° С, а во некои денови и до +17 ° С, што придонесе до предвремено нарабрување на папките, пред се на кајсиите, праските и нектарините. Поради тоа е неопходно да се изврши зимско прскање на овошките.



За производителите на кајсија, праска и нектарина, се препорачува што е можно поскоро да извршат таканаречено „Сино прскање“ во фенофаза “набабрени пупки” против кадравост на листовите (Taphrina deformans) и предизвикувачот на бактериско заболување, сушење на цветовите и гранчињата - Монилија (Monilia laxa) и причинителот за сачменка - шупликавост на лисјата (Stigmina carpophila).

Пред третирањето, неопходно е да се отстранат од овошките исушените лански плодови „мумии“ кои се носители и причинители за зараза, при што истите да се уништат или закопаат, надвор од овоштарникот.

Се препорачува да се аплицира со некој од препаратите базирани на бакар: Бордовска чорба ( разни производители ) или подготвена комбинација од бакар и минерално масло. Минералните масла делуваат на презимените јајца од лисна вошка, штитеста вошка, јајцата од црвен пајак. Може да се третира и со готова комбинација - Сино масло.

Зимското или таканаречено „сино прскање“ треба да се направи во мирно ( кога нема ветер ) време и во најтоплиот дел од денот.

Неопходно е обилно да се испрскаат крошните и стеблата од сите страни, користејќи што повеќе од припремениот препарат.



При користење на препаратите, неопходно е да се применат упатствата на производителот, како и упатствата за правилно користење на пестициди, согласно добрата земјоделска пракса.

**АПРЗ РО Скопје**

**Владимир Георгиев, дипл.зем.инж.**